Мартин ТРЕНЕВСКИ, ИЛИНДЕН 1903 ВО АВСТРАЛИСКИОТ ПЕЧАТ, „Матица Македонска", Скопје, 1998, бр....

## СТУДИЈА ЗА ЕДНА НОВА ИСТОРИОГРАФСКА ТЕМА КАЈ НАС

Уште во ВОВЕДНИТЕ ЗАБЕЛЕШКИ авторот Мартин Треневски на тематски мошне привлечната студија која е предмет на нашиот приказ ќе констатира дека: „Илинденското востание и периодот што му претходи и што следи по него, спаѓаат меѓу најзначајните настани и периоди од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ". И, таквото значење авторот го открива и во големиот одек на овој исклучителен историски настан дури и на петтиот континент – Австралија, а што е централна тема на социолошко-културолошката студија на авторот која всушност е и негова магистерска теза одбранета при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Токму тој настан е и причината во повеќе месеци од 1903 г. и тогашните најголеми светски новински агенции Ројтер и Авас да воспостават широка мрежа на специјални известувачи ширум Македонија и во главните градови од соседните земји, а многу светски весници и списанија да воведат рубрики за Македонија и Балканот. Тоа пак овозможи т.н. македонско прашање да стане водечка и интензивно третирана тема во тогаш водечките политички дневници ширум светот, а со тоа и во тогашниот австралиски печат – дневен, неделен и периодичен, кој пак во тој период всушност едновековен (1803 на австралискиот континент се појавува првиот број на првиот весник „Сидни газет". Авторот во својата анализа ги има за предмет весниците: „Сидни морнинг хералд", „Еиџ" и „Дејли телеграф" како и неделниците „Булетин" и „Сидни меил" како најзначајни во тоа време, инаку „Сидни морнинг хералд" и „Еиџ" сè уште и денес излегуваат, па со право авторот го става акцентот на нив, анализирајќи го времето од месеците август, септември и октомври 1903 г.

Авторот најпрво ги анализира условите во кои се одвивало информирањето во 1903 г. во Австралија, ги определува непосредните носители на самото информирање, а се задржува и на главните предилинденски настани кои се, исто така, предмет на австралискиот печат. Во тој контекст авторот ги определува и општествено-политичките услови во Македонија од крајот на 19 и почетокот на 20-от век односно политиката на големите сили кон Македонија и нивното комплексно ангажирање во настаните што ја потресуваат тогашна Турција, а посебно политиката на соседните балкански монархии во Македонија односно ангажманот на нивните цркви во денационализаторската политика меѓу македонскиот народ. Во таа смисла, авторот ги спомнува и најзначајните

известувачи присутни во тие најзначајни историски мигови за Македонија, новинари и публицисти од Франција, Данска, Англија и САД. Во склопот на анализата на текстовите, Мартин Треневски посебно ни го открива и тогашното упорно грчко инсистирање на грчкиот карактер на Македонија, а и отвореното и единствено ставање на страната на Турција во „воспоставувањето ред во останатите провинции". Таквиот однос, како што вели авторот, првенствено произлегува од тогашните грчки настојувања за анексија на островот Крит. Ваквите грчки ставови, секако, може да бидат предмет на посебна анализа и студија која ни недостига, а на тема Илинденското востание во грчкиот печат. Авторот укажува и на тогашното бугарско de facto признание на националната самобитност на Македонецот цитирајќи само една реченица од едно интервју на тогашниот бугарски премиер: „Востанието во Македонија е чиста внатрешна и национална работа на македонскиот внатрешен комитет" (потцртано од авторот Мартин Треневски). Во студијата се пренесува и еден досега непознат извештај за македонската наука за можноста од австралиска интервенција до Цариград против злосторствата на Балканот, т.е. во Македонија, но и за фактот дека голем број Македонци во тоа време ја менуваат својата религиска припадност преминувајќи во католицизмот „надевајќи се дека католичките земји ќе ги заштитат". Тој го издвојува и слегувањето на 60 лица – востаници од планините во Невеска за да бидат сите заклани а нивните тела фрлени покрај патиштата, како и продажбата на деца – сирачиња од Македонија од страната на турскиот аскер. Се разбира, авторот ги има предвид и различните интонации на информациите за Илинден, во зависност од која соседна земја тие доаѓале. Преку нив, авторот ја констатира турската тиранија врз христијанското население, во својот ЗАКЛУЧОК, во студијата констатира дека „Илинденското востание во 1903 година медиумски било далеку поприсутно во светската јавност, одошто војната во Босна".

Авторот едноставно констатира дека австралиската политичка и поширока јавност од тоа време „недвосмислено своите симпатии ги става на страна на востанатиот македонски народ". Притоа, тој укажува на потребата од истражување и на публицистиката и на научната и другата литература во Австралија од тој период, а на илинденската тема. Очигледно целта авторот ја постигнува, бидејќи како извор на своето истражување го има австралискиот печат за Илинден.

Кон изданието се придодадени и: ПРИЛОЗИ од објавените текстови во печатените медиуми (приложени се и неколку факсимили), даден е список на користената ЛИТЕРАТУРА, а тука се и резимеата на англиски и германски јазик како и кратката биографија на авторот.

Тодор МИЦОВ